Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е,

јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 03. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3205/1 | | |


**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија; и чл. 139, чл. 144 и чл. 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев ________________

Борислав Крмов ________________

Реџеп Исмаил ________________

Јована Мојсоска ________________

Амар Мециновиќ ________________

Сашко Јанчев ________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за минимална плата во Република Македонија, се уредени висината на минималната плата, начинот на усогласување на истата, финансиската поддршка за исплата на минималната плата и сл.

Согласно утврдениот механизам за усогласување, од март 2025 година минималната плата изнесува 24.379 денари во нето-износ.

Сепак, имајќи предвид дека трошоците за живот континуирано растат, а синдикалната минимална потрошувачка кошничка бележи поголем пораст во однос на платите, актуелниот износ на минималната плата не ги задоволува основните егзистенцијални потреби на работниците. Потребата од интервенирање станува уште понеопходна ако се земе предвид дека реалната куповна моќ на граѓаните се намалува, што се одразува негативно и врз внатрешната потрошувачка, еден од главните двигатели на економскиот раст.

Синдикатите изминатиот период постојано апелираат за зголемување на минималната плата, укажувајќи дека за обезбедување достоинствен живот потребен е износ од најмалку 30.000 денари, согласно пресметките на синдикалната кошничка за основни трошоци на едно домаќинство. Оваа плата би овозможила барем основна социјална сигурност за ранливите категории – како што се самохранитe родители, младите работници и лицата со пониски квалификации.

Во таа насока, со цел обезбедување на минимум неопходни средства потребни за егзистенција на работниците произлезе потребата од изменување и дополнување на Законот за минимална плата.

Со предложените измени се предвидува стимул за работодавачите кои ќе ја зголемат платата на вработените за најмалку 6.000 денари, со што минималната плата би достигнала ниво од околу 30.000 денари. Зголемувањето би се реализирало преку финансиска поддршка за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување, со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија, со цел да се избегнат негативни економски последици и да се поттикне растот на платите.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог законот се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за минимална плата во Република Македонија. Законот има за да го намали социјалниот јаз и да придонесе кон стабилен и правичен економски развој.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗБУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на предложениот закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕНА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИСПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИСУБЈЕКТИ

Потребните финансиски средства за спроведување на законот ќе се обезбедат со ребаланс на Буџетот на Република С. Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, по скратена постапка.*

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015, 132/2017, 85/2018, 140/2018, 124/2019, 239/2019, 41/2022 и 86/2025) во членот 4, по ставот (5) се додаваа два нови ставови (6) и (7) кои гласат:

„(6) Висината на минималната плата утврдена за месец март 2025 година од ставот (1) на овој член, се зголемува за 6.000 денари во нето износ почнувајќи со исплатата на платата за јули 2025 година.

(7) Минималната плата утврдена со ставот (6) на овој член за месец март 2026 година се усогласува согласно ставот (1) на овој член.".

Член 2

Членот 4-а се менува и гласи:

„(1) На работодавачот кој ги исполнува условите од членот 4-б од овој закон, ќе му се обезбеди финансиска помош за исплата придонесите на нето зголемената минимална плата согласно член 4 став (6) на овој закон (во натамошниот текст: финансиската помош) од Буџетот на Република Македонија, за периодот август 2025 година – август 2026 година.

(2) Финансиската помош од ставот (1) на овој член се обезбедува на работодавачите за исплата на бруто-износот на плата за работниците на кои основната плата ќе се зголеми за нето-износ од 6.000 денари согласно член 4 став (6) на овој закон."

Член 3

Во член 5-б став (1) алинеја 1 се менува и гласи:

„ – работодавачот, почнувајќи од исплатата на платата за месец јули 2025 година, на работникот да му исплатил зголемена нето-плата за најмалку 6.000 денари, "

Член 4

Членот 5-г се менува и гласи:

„ (1) Средствата за исплата на финансиската поддршка се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Финансиската поддршка ќе се исплаќа за периодот август 2025 година – август 2026 година.

(2) Финансиската поддршка се обезбедува за исплата на разликата од придонесите на нето зголемената минимална плата на работодавачите за

работниците на кои основната плата ќе се зголеми за нето износ од најмалку 6.000 денари, согласно член 5, став (1), алинеја 1 на овој закон.“

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи пет члена.

Со членот 1 е предвидено утврдената минимална плата за месец март 2025 година да се зголеми за нето-износ од 6.000 денари, така добиената минимална плата ќе биде основа за утврдување на законското покачување на минималната плата во месец март 2026 година.

Со членот 2 е предвидена финансиска подршка во периодот од август 2025 до август 2026 година, за дополнителните придонеси за плаќање за социјално и пензиско осигурување кои произлегуваат за работодавачите кои минималната плата утврдена за месец март 2025 година, ќе ја зголемат за 6.000 денари во нето износ.

Со членот 3 се менува членот 5-б од основниот закон, кој предвидува финансиска подршка за работодавачот кој исплаќа плата во износ повисок од минималната плата и кој ќе ја зголеми исплатата на истата за износ од најмалку 6.000 денари.

Со членот 4 е предвидена финансиска подршка во периодот од август 2025 до август 2026 година, за дополнителните придонеси за плаќање за социјално и пензиско осигурување кои произлегуваат за работодавачите кои платата која ја исплаќаат на работниците а е повисока од минималната плата за месец март 2025 година, ќе ја зголемат за најмалку 6.000 денари во нето-износ.

Со членот 5 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, иститe се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Очекуваните резултати што ќе произлезат од овој предлог закон е да се поттикне спиралата за покачување на платите, а со тоа минималната плата да расте и понатаму согласно тенеденциите на економскиот раст, што позитивно ќе влијае на растот на продуктивноста на компаниите и на растот на животниот стандард на работниците.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**
(ИЗВОД)

**Член 4**

(1) Исплатената висина на минимална плата во бруто износ за месец март секоја година се усогласува со: - 50% од порастот на просечно исплатената нетоплата во Република Северна Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика и - 50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Висината на минималната плата, утврдена согласно со ставот (1) на овој член, не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(3) Просечниот износ на исплатената месечна нетоплата за работник кој работи помалку од полното работно време се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.

(4) Во просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник, не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.

(5) Министерот за економија и труд, по претходно мислење од Економскосоцијалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во "Службен весник на Република Северна Македонија", во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со исплатата на платата за месец март во тековната година.

**Член 4-а**

(1) На работодавачот кој ги исполнува условите од членот 4-б од овој закон, ќе му се обезбеди финансиска помош за исплата на разликата од придонесите на нето зголемената минимална плата (во натамошниот текст: финансиската помош) од Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот март 2022 година-декември 2022 година, во износ од 1.197,00 денари.

(2) Финансиската помош од ставот (1) на овој член, се обезбедува на работодавачите за работниците на кои основната плата ќе се исплати до нивото на бруто плата во износ од 26.422,00 ден.

**Член 5-б**

(1) Финансиската поддршка се обезбедува доколку работодавачот од членот 5-а од овој закон ги исполнува следниве услови:

- работодавачот во месеците октомври, ноември и декември 2017 година на работникот да му исплатил просечна бруто плата до 26.250 денари,
- работодавачот да не е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или данок на личен доход за работникот,

- работодавачот да има статус на активен обврзник, односно не е во постапка на стечај или ликвидација или постапка на бришење согласно со членовите 477, 477-а, 552-а и 552-б од Законот за трговските друштва и

- работодавачот да ги има подмирено обврските по основ на плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци, заклучно со последниот ден од месецот за кој се обезбедува финансиската поддршка.

(2) Финансиската поддршка се остварува по исплатата на платата за месецот за кој се обезбедува финансиската поддршка.

**Член 5-г**

(1) Средствата за исплата на финансиската поддршка се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Финансиската поддршка ќе се исплаќа за периодот јули 2018 година-декември 2019 година.

(2) Финансиската поддршка по работник изнесува 30% од разликата помеѓу бруто платата на работникот во тековниот месец и просечната бруто плата на работникот исплатена во месеците октомври, ноември и декември 2017 година, а најмногу до 1.200 денари по работник месечно.

(3) За бруто плата од ставот (2) на овој член, се смета пресметаната бруто основица од Месечната пресметка за интегрирана наплата.

(4) Висината на платата на работникот од ставот (2) на овој член кој работи со скратено работно време или остварува помалку или повеќе работни часови од полното работно време, се пресметува сразмерно на бројот на остварените работни часови.